РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

# ИЗБРИШАНИ ГРАЃАНИ

## Информации за уредување на статусот на граѓаните избришани од регистарот на постојани жители на Република Словенија

Љубљана, јули 2010 година

**Подготви и издаде:** Министерство за внатрешни работи на Република Словенија
**Лектор:** Јанја Шуштершич-Нучич
**Графички дизајн:** Служба за управно делување и графика
**Печат:** Tisk Žnidarič, d. o. o.
**Тираж:** 2.000 примероци
Љубљана, јули 2010 година

# СОДРЖИНА


страница

**1. КОИ ГРАЃАНИ СЕ ИЗБРИШАНИ? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7**

**2. ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОСТОЈАН ПРЕСТОЈ . . . . . . . . . . . . . . . . . 8**

Кој според законот може да добие дозвола за постојан престој? . . . . . . . . . 8
Како и каде се поднесува молбата за издавање дозвола за постојан престој? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
Дали молбата за издавање дозвола за постојан престој се поднесува на посебен образец? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9
Што мора да се приложи кон молбата за издавање дозвола за постојан престој? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9
Кога е исполнет услов за фактичко живеење во Република Словенија? . . . 11
Во кој период по издавањето на дозволата за постојан престој, избришано лице или дете на избришан граѓанин мора да се пресели во Република Словенија, доколку живее во странство? . . . . . . . 13
Дали при поднесување на молбата за издавање дозвола за постојан престој се плаќа административна такса? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 13

**3. ДОБИВАЊЕ ПОСЕБНО РЕШЕНИЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14**

Што е “посебно решение”? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14
Дали молбата за посебно решение треба да се поднесе одделно? . . . . . . . 14
Како и каде се поднесува молбата за посебно решение? . . . . . . . . . . . . . . 15
Дали молбата за издавање посебно решение се поднесува на посебен образец? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15
Што мора да се приложи кон молбата за издавање посебно решение? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16
Дали при поднесување на молбата за издавање посебно решение се плаќа административна такса? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16

**4. РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ МОЛБА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОСТОЈАН ПРЕСТОЈ И ПОСЕБНО РЕШЕНИЕ . . . . . . . . . . . . . . . 17**

**5. ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19**

**6. СПИСОК НА УПРАВНИ ЕДИНИЦИ КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПОДНЕСЕ МОЛБА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20**

Почитувани!

Република Словенија со Законот за странци во 1991 година утврди дека за државјани на СФРЈ, кои биле државјани на другите републики и во рок од шест месеци од стапување на сила на Законот за државјанство на Република Словенија не побарале да се стекнат со државјанство на Република Словенија, почнаа да важат одредбите на Законот за странци.

Државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ, кои во Република Словенија имаа пријавено постојано живеалиште, беа при тоа фактички избришани од регистарот на постојани жители, бидејќи во законот за нив не беа определени услови за добивање дозвола за постојан престој во Република Словенија како за останатите странци. Останатите странци немале потреба да направат ништо, бидејќи по истекот на рокот автоматски станале странци со постојано живеалиште во Република Словенија.

Уставниот суд на Република Словенија во 2003 година востанови дека бришењето беше нелегално. Државата без успех повеќе пати се обидуваше да го реши прашањето на избришаните граѓани. Конечно во годините 2009 и 2010 усвои мерки со кои во две фази систематски започна да ги поправа неправдите сторени врз избришаните граѓани и да ја исправа нелегалната состојба.

Првата фаза беше издавање дополнителни решенија непосредно врз основа на решението на Уставниот суд бр. У-И-246/02 од 03.04.2003 година, на сите оние кои веќе имале уреден статус. Со издавање дополнителни решенија на овластени корисници беше признаена дозвола за постојан престој, од бришењето од регистарот на постојани жители до фактичкото добивање на дозволата за постојан престој. Издавањето дополнителни решенија се заклучи во 2010 година.

Втората фаза беше усвојување на Законот за промени и дополнувања на Законот за уредување на статусот на државјаните на другите држави наследнички на поранешна СФРЈ во Република Словенија – ЗУСДДБ-Б (Службен весник на РС бр. 50/2010; во понатамошниот текст: законот) кој Собранието (Државен збор) го усвои во 2010 година и врз основа на кој сите останати избришани граѓани, кои во Република Словенија сѐ уште немаат дозвола за постојан престој и пријавено постојано живеалиште, во рок од три години ќе можат да ја поднесат молбата за издавање на дозволата за постојан престој. Врз основа на законот, избришаните лица кои се имаа стекнато со државјанство на Република Словенија, без пред тоа да им беше издадена дозвола за постојан престој, ќе добијат и посебно решение за враќање. Законот уредува издавање на дозволата за постојан престој и посебно решение за враќање и за децата на избришаните граѓани, кои биле родени во Република Словенија после 25.06.1991 година и кои во Република Словенија фактички живеат од раѓањето.

Пред вас се наоѓа брошура која ќе ви даде информации за тоа како можете, доколку бевте избришани, да го уредите својот статус во Република Словенија и како да го добиете посебното решение за враќање.

Со почит

Министерство за внатрешни работи

# 1. КОИ ГРАЃАНИ СЕ ИЗБРИШАНИ?

Избришани граѓани се лица кои ги исполнуваат **сите четири** долу назначени услови:

1. На 25.06.1991 година биле државјани на СФРЈ без републичко државјанство на Република Словенија, со државјанство на друга република на поранешна СФРЈ (тоа е државјанство што тогаш секој го добивал според државјанството на своите родители и без оглед на местото на раѓање);
2. на 23.12.1990 година во Република Словенија имале пријавено постојано живеалиште;
3. по објавување на независноста на Република Словенија не се здобиле со словенечко државјанство и
4. затоа биле избришани од регистарот на постојани жители (пријавата за постојано живеалиште во Република Словенија им престанала на 26.02.1992 година, можно и на друг датум).

Податок за престанување на пријавата за постојано живеалиште може да се добие во управната единица, која е надлежна за подрачјето каде што избришаното лице имало пријавено постојано живеалиште пред бришењето од регистарот. Управната единица издава потврда за пријава за постојано живеалиште во Република Словенија.

# 2. ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОСТОЈАН ПРЕСТОЈ

**Кој според законот може да ја добие дозволата за постојан престој?**

Дозволата за постојан престој според законот може да ја добие:

1. Избришано лице кое во Република Словенија фактички живее од 23.12.1990 година;
2. Странец кој на 25.06.1991 година имал државјанство на друга република на поранешна СФРЈ и од тој ден фактички без прекин живее во Република Словенија;
3. Деца на избришани лица кои биле родени после 25.06.1991 година во Република Словенија, чии еден или двата родители биле избришани од регистарот и по раѓањето на детето добиле дозвола за постојан престој или се стекнале со словенечко државјанство и во Република Словенија фактички живеат од раѓањето на детето.

**Како и каде се поднесува молба за издавање на дозволата за постојан престој?**

Молбата за издавање дозвола за постојан престој ја поднесува овластен корисник (види појаснување кон горното прашање) или лице овластено од него. Молбата за малолетно дете ја поднесува законски застапник, кого за поднесување на молбата и застапување во постапката може да го овласти и полномошник.

Молбата се поднесува во управната единица на подрачјето во кое овластениот корисник престојува. Доколку овластениот корисник за време на поднесувањето на молбата не престојува во Република

Словенија, молбата за издавање на дозволата за постојан престој се поднесува во управната единица на подрачјето каде што има намера да престојува кога ќе се пресели во Република Словенија (односно во управната единица на подрачјето каде што престојувал за време на бришењето). Молбата може да се поднесе директно во управната единица или по пошта.

**Дали молбата за издавање дозвола за постојан престој се поднесува на посебен образец?**

Молбата за издавање дозвола за постојан престој се поднесува на пропишан образец, определен со Правилник за определување образец за дозвола за постојан престој и за издавање посебно решение. Образецот се добива во сите управни единици во Словенија, во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Словенија во странство и на интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи на Република Словенија www.mnz.gov.si.

**Што мора да се приложи кон молбата за издавање дозвола за постојан престој?**

Кон молбата за издавање на дозволата за постојан престој мора да се приложат следните документи:

1. **Фотографија;**
2. **Копија од документ за утврдување идентитет**: тоа е копија од важечка патна исправа. Доколку овластениот корисник нема важечки пасош, приложува копија од важечка лична карта или друг документ со фотографија, издаден од државен орган и врз основа на кој може да се утврди неговиот идентитет. Доколку овластениот корисник нема важечки документ и има само документ за утврдување на идентитетот чија важност е истечена, може да го приложи тој документ. Идентитетот на дете без важечки документ или со документ со истечена

важност може да се докаже со други исправи со фотографија, со сведоци или со изјава на законски застапник;

3. Доколку управната единица во својата евиденција нема податок дека овластен корисник на 25.06.1991 година имал државјанство на една од другите републики на поранешна СФРЈ, овластениот корисник кон молбата мора да приложи и **доказ за државјанство на една од другите републики на поранешна СФРЈ на 25.06.1991 година** (доказот не треба да се приложи кога се поднесува молба за издавање дозвола за постојан престој на дете на избришано лице);

4. **Уверение од кривична евиденција на матичната држава**, не постаро од три месеци (доколку матичната држава издава такви уверенија). Согласно со законот, причина за одбивање на издавање на дозволата за постојан престој може да биде и правосилна пресуда за кривично дело со казна затвор од најмалку три години или казна затвор со вкупно траење од повеќе од пет години. Таква пресуда сè уште не значи дека молбата автоматски ќе биде одбиена – управната единица мора да ја почитува и должината на престој на странецот во државата, неговите лични, семејни, стопански, социјални и други врски со кои е поврзан со Република Словенија, како и последиците за странецот кои би биле предизвикани со одбивање на издавање дозвола за постојан престој. **(Уверение од кривична евиденција не треба да се приложи при поднесување молба за издавање дозвола за постојан престој на дете на избришано лице);**

5. **Докази со кои овластен корисник докажува исполнување на услов за фактичко живеење во Република Словенија**. Доколку овластен корисник исполнување на услов за фактичко живеење докажува само со сведоци, во молбата мора да ги наведе нивните податоци (име и презиме, адреса на живеење).

Овластен корисник како доказ може да приложи и уверение за школување, договор за вработување или работа, договор за

наем на стан, работна книшка, потврда за пријава во пензиско, инвалидско и здравствено осигурување, уверение за платени даноци и придонеси, потврда за платена кирија, струја, доказ за плаќање комунални услуги, документација за користење здравствени услуги итн.

**Кога е исполнет услов за фактичко живеење во Република Словенија?**

Покрај овластените корисници кои од бришењето понатаму без прекин живеат во Република Словенија, тој услов го исполнуваат и други лица (како што следува во понатамошното образложение).

**Избришан граѓанин мора да докаже дека во Република Словенија фактички живее од 23.12.1990 година**. Фактичко живеење во Република Словенија значи дека центарот на животните интереси на поединецот се наоѓа во Република Словенија, што се пресудува врз основа неговите лични, семејни, стопански, социјални и други врски кои покажуваат дека меѓу него и Република Словенија постојат фактички и трајни врски.

Условот за фактичко живеење е **исполнет и доколку избришаното лице ја напушти Република Словенија непрекинато за една година** без оглед на причината за отсуство.

Условот за фактичко живеење во Република Словенија е исполнет и **кога избришаниот граѓанин бил отсутен повеќе од една година заради една од следните причини**:

1. Доколку ја напуштил Република Словенија заради последици од бришењето;
2. Доколку ја напуштил Република Словенија, бидејќи правно лице во Република Словенија го пратило на работа, студии или лекување во странство или доколку бил вработен на брод со матично пристаниште во Република Словенија. Во

тој случај отсуството е оправдано за времетраење на работата, студирањето или лекувањето, односно вработеноста на брод;

3. Доколку ја напуштил Република Словенија, бидејќи не можел да ја добие дозволата за постојан престој во Република Словенија заради неисполнување услови и молбата била одбиена, отфрлена или постапката беше прекината;

4. Доколку не можел да се врати во Република Словенија заради воени состојби во другите држави наследнички на поранешна СФРЈ, односно од здравствени причини;

5. Доколку бил присилно отстранет (протеран) од Република Словенија, освен доколку присилното отстранување (протерување) било последица на изречена странска казна протерување на странецот од државата заради сторено кривично дело;

6. Доколку му било одбиено (оневозможено) влегување во Република Словенија, освен ако влегувањето му било одбиено (оневозможено) заради изречена странска казна протерување на странецот од државата заради осуда за сторено кривично дело или други причини, определени со законот.

Доколку отсуството заради една или повеќе од назначените причини траело до пет години, се смета дека условот за фактичко живеење е исполнет (освен отсуството определено во втората алинеја, каде нема ограничување на период). Доколку отсуството траело **повеќе од пет години**, условот за фактичко живеење е исполнет само кога е очигледно дека овластениот корисник во **рок од пет години** после отсуството се обидувал да се врати за време на отсуството и продолжи со фактичко живеење во Република Словенија. Во пракса, тоа значи дека овластен корисник кој во Република Словенија не бил помалку од пет години, во постапката мора да докаже дека неговото отсуство е последица на една од горе назначените причини. Овластен корисник чие отсуство траело повеќе од пет години мора да докаже и дека сакал да се врати и да го продолжи фактичкото живеење во Република Словенија.

За дете на избришан граѓанин, услов за фактичко живеење се востановува од неговото раѓање на ист начин како за избришан граѓанин и со земање во предвид на причините за оправдано отсуство поради кои родителите заедно со детето ја напуштиле Република Словенија.

Странец кој на 25.06.1991 година имал државјанство на друга република на поранешна СФРЈ и од тој ден фактички без прекин живее во Република Словенија, за издавање на дозволата за постојан престој мора да докаже фактички непрекинато живеење во Република Словенија од 25.06.1991 година понатаму. За него горе назначените рокови и причини за отсуство од Република Словенија не важат.

**Во кој период после издавање на дозволата за постојан престој избришано лице или дете на избришан граѓанин мора да се пресели во Република Словенија, доколку живее во странство?**

Доколку избришан граѓанин или дете на избришан граѓанин во време на издавање на дозволата за постојан престој не живее во Република Словенија, мора да се врати во Република Словенија во рок од една година од примање на дозволата. Заради здравствени, семејни или други оправдани причини, управната единица врз основа на молба, рокот од една година може да го продолжи за времетраење на тие причини, но не за повеќе од една година.

Доколку избришан граѓанин или дете на избришан граѓанин во определениот рок не се пресели во Република Словенија, управната единица која ја издала дозволата за постојан престој, дозволата ќе ја поништи.

**Дали при поднесување на молбата за издавање дозвола за постојан престој се плаќа административна такса?**

Во постапката за издавање дозвола за постојан престој, за молба и решение се плаќа **административна такса** во износ определен со

Законот за административни такси. На 24.07.2010 година таксата изнесуваше 74,45 евра.

# 3. ДОБИВАЊЕ ПОСЕБНО РЕШЕНИЕ

**Што е „посебно решение“?**

На избришани граѓани и деца на избришани граѓани на кои дозволата за постојан престој им се издава според законот, заедно со дозволата за постојан престој по службена должност им се издава и посебно решение за враќање. Решението потврдува дека избришаните граѓани и децата на избришаните граѓани во Република Словенија имале дозвола за постојан престој од бришењето од регистарот на постојани жители на Република Словенија, односно од раѓањето до добивањето дозвола за постојан престој и дека во тој период во Република Словенија имале и пријавено постојано живеалиште на адресата каде што имале пријавено постојано живеалиште во време на бришењето од регистарот на постојани жители.

**Дали молбата за посебно решение треба да се поднесе одделно?**

Доколку избришан граѓанин или дете на избришан граѓанин дозволата за постојан престој во Република Словенија ја добива според законот, за издавање посебно решение **не треба да се поднесува посебна молба**, бидејќи се издава по службена должност при издавање на дозволата за постојан престој.

На државјанин на Република Словенија кој при објавување независност на Република Словенија имал државјанство на друга република на поранешна СФРЈ и бил избришан од регистарот

на постојани жители, а по бришењето се стекнал со словенечко државјанство без претходно издавање на дозволата за постојан престој, **му се издава посебно решение само на неговата молба.**

На избришан граѓанин кој по усвојување на законот добива дозвола за постојан престој според Законот за странци, **посебно решение му се издава само на неговата молба.**

На децата на избришаните граѓани кои веќе добиле дозвола за постојан престој или се стекнале со државјанство на Република Словенија, **посебно решение им се издава само врз основа на поднесена молба.**

**Како и каде се поднесува молбата за посебно решение?**

Молбата за издавање посебно решение ја поднесува избришан граѓанин или овластено лице, односно полномошник на избришан граѓанин. За малолетно дете молбата за издавање посебно решение ја поднесува законски застапник на детето кој може да го овласти и полномошникот.

Молбата за издавање посебно решение се поднесува при управната единица на подрачјето каде што избришан граѓанин или детето на избришан граѓанин престојува. **Молбата може да се поднесе директно во управната единица или по пошта.**

**Дали молбата за издавање посебно решение се поднесува на посебен образец?**

Молбата за издавање посебно решение се поднесува на пропишан образец, определен со Правилник за определување образец за дозвола за постојан престој и за издавање посебно решение. Образецот се добива во сите управни единици во Словенија, во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Словенија во странство и на интернет-страницата на

Министерството за внатрешни работи на Република Словенија **www.mnz.gov.si.**

**Што мора да се приложи кон молбата за издавање посебно решение?**

Кон молбата за издавање посебно решение треба да се приложи **копија од документ за утврдување идентитет:** тоа е копија од важечка патна исправа. Доколку овластен корисник нема важечки пасош, приложува копија од важечка лична карта или друг документ со фотографија, издаден од државен орган и врз основа на кој може да се утврди идентитетот на овластениот корисник. Доколку овластен корисник нема важечки документ и има само документ за утврдување на идентитетот чија важност е истечена, може да го приложи тој документ. Идентитетот на дете без важечки документ или со документ со истечена важност може да се докаже со други исправи со фотографија, со сведоци или со изјава на законски застапник.

Податоци за бришење од регистарот на постојани жители, издавање дозвола за постојан престој односно стекнување државјанство на Република Словенија и раѓање на дете во Република Словенија, управните единици добиваат по службена должност од службените евиденции со кои се водат тие податоци.

**Дали при поднесување на молбата за издавање посебно решение се плаќа административна такса?**

Во постапката за издавање посебно решение административна такса не се плаќа.

# 4. РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ МОЛБА ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОСТОЈАН ПРЕСТОЈ И ПОСЕБНО РЕШЕНИЕ

Со законот е определен рок во кој може да се поднесе молбата за издавање дозвола за постојан престој и молбата за издавање посебно решение:

1. Молбата **за издавање дозвола за постојан престој** на избришан граѓанин и странец кој на 25.06.1991 година бил државјанин на друга република од поранешна СФРЈ и кој во Република Словенија од тој ден фактички живее без прекин и уште ја нема дозволата за постојан престој во Република Словенија може да се поднесе **во рок од три години од стапување на сила на законот; тоа е до 24.07.2013 година**.

2. Доколку овластен корисник од точка 1 во 1991 година има поднесено молба за стекнување државјанство на Република Словенија според член 40 од Законот за државјанство на Република Словенија и постапката уште не е завршена, молбата ќе биде одбиена, отфрлена или постапката ќе се прекине со конечно решение или одлука со датум на издавање по воведувањето на законот, молбата за издавање на дозволата за постојан престој може да се поднесе во рок од три години од издавањето на решението или одлуката во постапката за стекнување државјанство на Република Словенија.

3. Доколку избришано лице добива дозвола за постојан престој според Законот за странци по 24.07.2010 година, молбата **за**

**издавање посебно решение** може да се поднесе **во рок од три години од стапување на сила на законот; тоа е до 24.07. 2013 година**.

4. Избришан граѓанин кој се стекнал со државјанство на Република Словенија без пред тоа да му биде издадена дозвола за постојан престој, може молбата за издавање посебно решение да ја поднесе **во рок од три години од стапување на сила на законот; тоа е до 24.07.2013 година**.

5. **Молбата за издавање дозвола за постојан престој на дете** на избришан граѓанин може да се поднесе во **рок од три години од стапување на сила на законот; тоа е до 24.07.2013 година**, односно до наполнета **21-на година** на возраст на детето, доколку тој рок е подолг.

6. Молбата **за издавање посебно решение на дете** кое веќе добило дозвола за постојан престој или се стекнало со државјанство на Република Словенија може да се поднесе во рок од **три години од стапување на сила на законот; тоа е до 24.07.20-13 година** односно до наполнета **21-на година** на возраст на детето, доколку тој рок е подолг.

# 5. ДОДАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**Министерство за внатрешни работи на Република Словенија**
Штефанова улица 2
СИ-1501 Љубљана
Т: +386 (0) 1 428 53 33
Ф: +386 (0) 1 251 43 30
Е: gp.mnz@gov.si
www.mnz.gov.si
www.infotujci.si

**ВАРУХ ЧЛОВЕКОВИХ ПРАВИЦ (ОМБУДСМАН) на РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА**
Дунајска цеста 56
СИ-1109 Љубљана
Т: +386 (0) 1 475 00 50
Бесплатен телефон: 080 15 30
Ф: +386(0)1 475 00 40
Е: info@varuh-rs.si
http://www.varuh-rs.si

На интернет-страницата на Министерството за внатрешни работи на Република Словенија www.mnz.gov.si се објавени одговори на најчести прашања за „избришани“ на словенечки и англиски јазик.

**Со информации располагаат и следните невладини организации:**

**МИРОВНИ ИНШТИТУТ**
Метелкова улица 6
СИ-1000 Љубљана
Т:+386(0)1 234 77 20
Е: neza.kogovsek@mirovni-institut.si
katarina.vucko@mirovni-institut.si
www.mirovni-institut.si

**ДРУШТВО НА „ИЗБРИШАНИ“**
www.izbrisani.org
(под Информации за избришани)

**Друштво Цивилна иницијатива на избришани активисти – ЦИИА удружение за човечански права**
Трубарјева цеста 72
СИ-1000 Љубљана
Т:+386(0)41 295 249
E: izbrisani.ciia@gmail.com
http://sites.google.com/site/izbrisaniciia

**Правно-информацијски центер на невладни организации - ПИЦ**
Метелкова улица 6
СИ-1000 Љубљана
Т:+386(0)1 521 18 88
Ф:+386(0)1 540 19 13
E: pic@pic.si
www.pic.s

# 6. СПИСОК НА УПРАВНИ ЕДИНИЦИ КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПОДНЕСЕ МОЛБА

(www.upravne enote.gov.si)

**УПРАВНА ЕДИНИЦА АЈДОВШЧИНА**
Випавска цеста 11 б
СИ - 5270 Ајдовшчина
Т: +386 (0)5 364 32 00
Ф: +386 (0)5 366 26 49
E: ue.ajdovscina@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА БРЕЖИЦЕ**
Цеста првих борцев 24/a,
СИ - 8250 БРЕЖИЦЕ
Т: +386 (0)7 499 15 50
Ф: +386 (0)7 499 15 99
E: ue.brezice@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЦЕЛЈЕ**
Љубљанска цеста 1,
СИ - 3000 Целје
Т: +386 (0)3 426 53 00
Ф: +386 (0)3 426 53 04
E: ue.celje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЦЕРКНИЦА**
Цеста 4. маја 24,
СИ - 1380 Церкница
Т: +386 (0)1 707 13 00
Ф: +386 (0)1 707 13 20
E: ue.cerknica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЧРНОМЕЉ**
Задружна цеста 16,
СИ - 8340 Чрномељ
Т: +386 (0)7 336 10 00
+386 (0)7 336 10 01
Ф: +386 (0)7 336 10 04
Е: ue.crnomelj@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ДОМЖАЛЕ**
Љубљанска цеста 69,
СИ - 1230 Домжале
Т: +386 (0)1 722 01 00
Ф: +386 (0)1 724 21 04
Е: ue.domzale@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ДРАВОГРАД**
Межа 10,
СИ - 2370 Дравоград
Т: +386 (0)2 872 07 10
Ф: +386 (0)2 872 07 13
Е: ue.dravograd@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ГОРНЈА РАДГОНА**
Партизанска цеста 13
9250 Горнја Радгона
Т: +386 (0)2 564 38 88
Ф: +386 (0)2 564 38 42
Е: ue.goradgona@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ГРОСУПЉЕ**
Колодворска 2,
СИ - 1290 Гросупље
Т: +386 (0)1 781 09 00
Ф: +386 (0)1 781 09 19
Е: ue.grosuplje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ХРАСТНИК**
Пот Витка Павлича 5,
СИ - 1430 Храстник
Т: +386 (0)3 564 26 00
Ф: +386 (0)3 564 26 20
Е: ue.hrastnik@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ИДРИЈА**
Штудентовска 2,
СИ - 5280 Идрија
Т: +386 (0)5 373 43 00
Ф: +386 (0)5 377 33 32
Е: ue.idrija@gov.si

УПРАВНА ЕДИНИЦА ИЛИРСКА БИСТРИЦА
Базовишка цеста 14
СИ - 6250 Илирска Бистрица
Т: +386 (0)5 711 22 00
Ф: +386 (0)5 711 22 09
Е: ue.ilirskabistrica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ИЗОЛА**
Цеста в Прегавор 3/а,
СИ - 6310 Изола
Т: +386 (0)5 660 04 00
Ф: +386 (0)5 660 04 40
Е: ue.izola@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЈЕСЕНИЦЕ**
Цеста М. Тита 78,
СИ - 4270 Јесенице
Т: +386 (0)4 586 92 81
Ф: +386 (0)4 586 93 40
Е: ue.jesenice@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА КАМНИК**
Главни трг 24
СИ - 1240 Камник
Т: +386 (0)1 831 81 00
Ф: +386 (0)1 831 82 45
Е: ue.kamnik@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА КОЧЕВЈЕ**
Љубљанска цеста 26
СИ - 1330 Кочевје
Т: +386 (0)1 893 83 00
Ф: +386 (0)1 893 83 10
Е: ue.kocevje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА КОПЕР**
Трг Броло 4
СИ - 6000 Копер Capodistria
Т: +386 (0)5 663 76 00
Ф: +386 (0)5 663 76 21
Е: ue.koper@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА КРАЊ**
Словенски трг 1
СИ - 4000 Крањ
Т: +386 (0)4 201 57 00
+386 (0)4 201 56 00
Ф: +386 (0)4 201 56 05
Е: ue.kranj@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА КРШКО**
Цеста кршких жртев 14
СИ - 8270 Кршко
Т: +386 (0)7 498 14 02
Ф: +386 (0)7 498 14 07
Е: ue.krsko@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЛАШКО**
Местна улица 2
СИ - 3270 Лашко
Т: +386 (0)3 733 88 00
Ф: +386 (0)3 733 88 33
Е: ue.lasko@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЛЕНАРТ**
Трг освободитве 7
СИ - 2230 Ленарт
Т: +386 (0)2 729 15 00
Ф: +386 (0)2 729 15 33
Е: ue.lenart@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЛЕНДАВА**
Трг лјудске правице 5
СИ - 9220 Лендава
Т: +386 (0)2 577 36 00
Ф: +386 (0)2 577 36 12
Е: ue.lendava@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЛИТИЈА**
Јеребова 14
СИ - 1270 Литија
Т: + 386(0)1 896 23 45
Ф: + 386(0)1 896 23 60
Е: ue.litija@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЉУБЉАНА**
Тобачна улица 5
СИ - 1000 Љубљана
Т: +386 (0)1 306 30 00
Ф: +386 (0)1 306 31 80
Е: ue.ljubljana@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЉУТОМЕР**
Вразова улица 1,
СИ-9240 Љутомер
Т: +386 (0)2 584 94 20
Ф: +386 (0)2 583 12 45
E: ue.ljutomer@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЛОГАТЕЦ**
Тржашка цеста 50а
СИ - 1370 Логатец
Т: +386 (0)1 759 05 00
Ф: +386 (0)1 759 05 20
E: ue.logatec@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА МАРИБОР**
Улица хероја Станета 1
СИ - 2501 Марибор
Т: +386 (0)2 220 10 00
Ф: +386 (0)2 220 17 91
E: ue.maribor@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА МЕТЛИКА**
Населје Бориса Кидрича 14/II,
СИ - 8330 Метлика
Т: +386 (0)7 363 74 50
Ф: +386 (0)7 363 74 90
E: ue.metlika@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА МОЗИРЈЕ**
Шмихелска цеста 2
СИ - 3330 Мозирје
Т: +386 (0)3 839 33 00
Ф: +386 (0)3 839 34 02
E: ue.mozirje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА МУРСКА СОБОТА**
Кардошева 2
СИ - 9000 Мурска Собота
Т: +386 (0) 513 11 11
Ф: +386 (0) 513 11 03
E: ue.murskasobota@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА НОВА ГОРИЦА**
Трг Едварда Карделја 1,
СИ - 5102 Нова Горица
Т: +386 (0)5 330 61 00
Ф: +386 (0)5 330 62 40
E: ue.novagorica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА НОВО МЕСТО**
Дефранцесцхијева улица 1,
СИ - 8000 Ново место
Т: +386 (0)7 393 91 68
Ф: +386 (0)7 393 91 03
E: ue.novomesto@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ОРМОЖ**
Птујска цеста 6
СИ - 2270 Ормож
Т: +386 (0)2 741 54 00
Ф: +386 (0)2 741 54 26
E: ue.ormoz@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ПЕСНИЦА**
Песница при Марибору 39/а,
СИ - 2211 Песница при
Марибору,
Т: +386 (0)2 654 23 00
Ф: +386 (0)2 654 23 23
E: ue.pesnica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ПИРАН**
Обала 114/а
СИ - 6320 Порторож
Т: +386 (0)5 671 04 00
Ф: +386 (0)5 671 04 03
E: ue.piran@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ПОСТОЈНА**
Љубљанска цеста 4
СИ - 6230 Постојна
Т: +386 (0)5 728 06 00
Ф: +386 (0)5 728 06 55
E: ue.postojna@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ПТУЈ**
Сломшкова улица 10
СИ - 2250 Птуј
Т: +386 (0)2 798 01 00
Ф: +386 (0)2 798 01 30
E: ue.ptuj@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА РАДЛЈЕ ОБ ДРАВИ**
Мариборska цеста 7,
СИ - 2360 Радлје об Драви
Т: +386 (0)2 887 94 00
Ф: +386 (0)2 887 94 28
E: ue.radlje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА РАДОВЛЈИЦА**
Горењска цеста 18
СИ - 4240 Радовлјица
Т: +386 (0)4 537 16 00
Ф: +386 (0)4 537 43 77
E: ue.radovljica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА РАВНЕ НА КОРОШКЕМ**
Чечовје 12 а
СИ - 2390 Равне на Корошкем
Т: +386 (0)2 821 64 40
Ф: +386 (0)2 822 28 22
E: ue.ravne@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА РИБНИЦА**
Горењска цеста 9
СИ - 1310 Рибница
Т: +386 (0)1 837 27 10
Ф: +386 (0)1 836 22 07
E: ue.ribnica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА РУШЕ**
Колодворска улица 9
СИ - 2342 Руше
Т: +386 (0)2 669 06 60
Ф: +386 (0)2 669 06 99
E: ue.ruse@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА СЕВНИЦА**
Главни трг 19 а
СИ - 8290 Севница
Т: +386 (0)7 816 38 70
Ф: +386 (0)7 816 38 80
E: ue.sevnica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА СЕЖАНА**
Партизанска 4
СИ - 6210 Сежана
Т: +386 (0)5 731 27 00
Ф: +386 (0)5 731 27 20
E: ue.sezana@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА СЛОВЕЊ ГРАДЕЦ**
Мешкова улица 21
СИ - 2380 Словењ Градец
Т: +386 (0)2 885 05 50
Ф: +386 (0)2 885 05 91
Е: ue.slgradec@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА СЛОВЕНСКА БИСТРИЦА**
Колодворска улица 10
СИ - 2310 Словенска Бистрица
Т: +386 (0)2 805 55 00
Ф: +386 (0)2 805 55 66
Е: ue.slbistrica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА СЛОВЕНСКЕ КОНЈИЦЕ**
Стари трг 29
СИ - 3210 Словенске Конјице
Т: +386 (0)3 758 01 10
Ф: +386 (0)3 758 01 13
Е: ue.slbistrica@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ШЕНТЈУР ПРИ ЦЕЛЈУ**
Местни трг 10
СИ - 3230 Шентјур
Т: +386 (0)3 747 12 80
Ф: +386 (0)3 747 12 85
Е: ue.sentjur@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ШКОФЈА ЛОКА**
Полјанска цеста 2
СИ - 4220 Шкофја Лока
Т: +386 (0)4 511 23 60
Ф: +386 (0)4 512 44 23
Е: ue.skofjaloka@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ШМАРЈЕ ПРИ ЈЕЛШАХ**
Ашкерчев трг 12,
СИ - 3240 Шмарје при Јелшах
Т: +386 (0)3 817 17 00
Ф: +386 (0)3 817 17 77
Е: ue.smarje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ТОЛМИН**
Тумов древоред 4
СИ - 5220 Толмин
Т: +386 (0)5 380 08 00
Ф: +386 (0)5 388 18 53
Е: ue.tolmin@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ТРБОВЛЈЕ**
Местни трг 4
СИ - 1422 Трбовлје
Т: +386 (0)3 563 48 00
Ф: +386 (0)3 562 79 79

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ТРЕБНЈЕ**
Голиев трг 5
СИ - 8210 Требнје
Т: +386 (0)7 348 22 50
Ф: +386 (0)7 348 22 70
Е: ue.trebnje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ТРЖИЧ**
Трг свободе 18
СИ - 4290 Тржич
Т: +386 (0)4 595 21 00
Ф: +386 (0)4 595 21 40
Е: ue.trzic@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ВЕЛЕНЈЕ**
Рударска цеста 6 а
СИ - 3320 Веленје
Т: +386 (0)3 899 57 00
Ф: +386 (0)3 899 58 40
Е: ue.velenje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ВРХНИКА**
Тржашка цеста 1
СИ - 1360 Врхника
Т: +386 (0)1 750 78 50
Ф: +386 (0)1 750 78 80
Е: ue.vrhnika@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЗАГОРЈЕ ОБ САВИ**
Цеста 9. августа 5
СИ - 1410 Загорје об Сави
Т: +386 (0)3 566 08 11
Ф: +386 (0)3 566 08 13
Е: ue.zagorje@gov.si

**УПРАВНА ЕДИНИЦА ЖАЛЕЦ**
Улица Савинјске чете 5
СИ - 3310 Жалец
Т: +386 (0)3 713 51 20
Е: ue.zalec@gov.si
Е: ue.trbovlje@gov.si

